OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 25 март 2015

## СПЕЦИЈАЛНА ПОНУДА ОД ОХРИДСКА БАНКА ЗА СИТЕ ПОСЕТИТЕЛИ НА САЕМОТ ЗА МЕБЕЛ 2015

**Охридска банка е присутна со штанд на Саемот за мебел 2015, каде што заинтересираните посетители ќе можат да добијат дополнителни информации за специјалната понуда на банката.**

Охридска банка подготви специјална понуда за сите посетители на Саемот за мебел 2015 кои ќе можат да го опремат својот дом лесно, брзо и поволно. Понудата е валидна во периодот од 24 март до 9 април 2015 година.

За време на овој период, кеш кредитот со кредитно животно осигурување од Охридска банка, наменет за купување мебел, опрема и останати репроматеријали од изложувачите на Саемот за мебел 2015, е со пониска каматна стапка од 6,45%, фиксна за првата година и **без административен трошок** за одобрување на кредитот.

Сите заинтересирани за кеш кредит кои при аплицирањето во експозитурите на Охридска банката ќе го донесат промотивниот саемски леток од банката и фактура од еден од изложувачите на саемот, ќе добијат кредитна картичка (MasterCard или VISA) без членарина за првата година, со предодобрен лимит од 30.000 денари.

Покрај ова, посетителите на Саемот за мебел 2015 ќе добијат дополнителни 5% попуст од трговците-партнери на Охридска банка присутни на саемот, доколку аплицираат за кеш кредит од банката.

На штандот на Охридска банка ќе присуствуваат претставници од банката кои ќе им бидат на располагање на сите посетители заинтересирани за дополнителни информации во врска со кеш кредитот, помош при пресметки и поднесување барање за кредит.

Каматната стапка за кредит со кредитно животно осигурување е фиксна за првата година и изнесува од 6,45%. Во останатиот период е променлива по одлука на Банката, а во моментов изнесува од 8,45%. Трошоци: за меница 200 МКД, за апликација 200 МКД, за одржување на трансакциската сметка 18 МКД месечно, осигурителна премија 0,85% годишно од износот на кредитот. СВТ за првата година изнесува од 7,56%, а за останатиот период од 9,72%. За кредит со кредитно животно осигурување со износ од 120.000 МКД и со рок на отплата од 36 месеци, месечната рата за првата година изнесува 3.723 МКД, а за останатиот период 3.799 МКД. Вкупниот износ што го плаќа потрошувачот изнесува 136.270 МКД. Информациите во врска со покриените ризици се содржани во Општите услови на Мастер полисата 0001. Пресметано на 20.3.2015 г.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013